ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА
КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
"КОМУНАЛЕЦ" п.о.
Бр. 02-537/5
12-06-2024 год.
КРИВА ПАЛАНКА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ
КРИВА ПАЛАНКА

ЈП. ,КОМУНАЛЕЦ „ КРИВА ПАЛАНКА
Адреса :КриваПаланка , "Илинденска " бр. 17
Телефонифакс: 031 * 375-100 Директор ; 375-747 Комерција
Жиросметка2100402270350130 Тутунскабанка Скопје 320 - 1000050418 - 67
ЦентралнаКооперативна Банка -Скопје
*Жиросметка :240-3500013189 - 69 УНИ- Банка*
Е.Д.Б. МК4015989100876

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
„КОМУНАЛЕЦ"- КРИВА ПАЛАНКА

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ-КРИВА ПАЛАНКА

## ЗА 2023 ГОДИНА

ЈП Комуналец-Крива Паланка е јавно претпријатие основано од Советот на Општина Крива Паланка заради вршење на одредени дејности од јавен интерес.

Во рамките на својот делокруг ги извршува следните дејности:

- Снабдување со вода за пиење (зафаќање, обработка и дистрибуција на вода преку водоснабдителниот систем до корисникот на услугата),
- Одведување и пречистување на отпадни води,
- Собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад,
- Одржување на јавна чистота ( чистење, миење и метење на јавни површини, јавни и отворени простори за јавни објекти и чистење на снегот во зимски услови),
- Одржување на паркови, рекреативни површини и работи на спортски објекти, (изградба, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација, косење и сечење на трева и гранки),
- поставување и одржување на јавно осветлување,
- одржување на гробишта,
- отворени и затворени пазари на големо и мало и др.

Јавното претпријатие има својство на правно лице со своја трансакциска сметка, а за извршените и преземените обврски во правниот промет одговара со сиот свој имот ( целосна одговорност).

Внатрешната организација на претпријатието е уредена согласно Законот за Јавни претпријатија и другите прописи. Со внатрешната организација на претпријатието се обезбедува законито, стручно, ефикасно и економично вршење на работите и задачите утврдени со закон, други прописи и акти: насоченост кон корисниците на услугите, независност и одговорност при вршењето на службените задачи, еднообразност и хиерархиска поставеност на работните единици, делегирање на овластувања и координација мегу работните единици.

Работите и задачите се групираат според видот, обемот и сложеноста, нивната меѓусебна поврзаност и другите карактеристики на работите и работните задачи, видот и степенот на стручната подготовка и другите услови потребни за нивното извршување.

Дејноста на претпријатието е организирано во пет сектори и одделенија во рамките на секој сектор, се со цел поквалитетно извршување на работните задачи:

1. СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ

   - Одделение за општи и правни работи,
   - Одделение за човечки ресурси и
   - Одделение за јавни набавки

2. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

3. СЕКТОР ЗА ВОДОВОД, КАНАЛИЗАЦИЈА И ФИЛТЕР СТАНИЦА

- Одделение за планирање, следење и администрирање на технички работи,
- Одделение за одржувањена хлоринаторна станица и
- Одделение за водовод и канализација,
    - Оддел за електричари.

4. СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА,ПАЗАРИ И ГРОБИШТА:

- Одделение за јавна хигиена,
- Одделение за собирање, транспорт и депонирање на отпад,
- Одделение возен парк и
- Одделение за градежно одржување во рамките на кои постои
    - Оддел гробишта и
    - Оддел пазари.

5. СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО:

- Одделение за подигање на јавно зеленило
- Одделение за хортикултура
- Оддел спортски терени.

Во тековната 2023 година во ЈП Комуналец Крива Паланка следуваа неколку промени на Одговорните лица. Орган на раководење односно законски застапник на претпријатието заклучно со 30.06.2023 година беше м-р Миле Марковски дипломиран геодетски инжинер. Со решение бр.04-554/2 од 03.07.2023 година именуван вршител на должноста Директор на ЈП Комуналец Крива Паланка заклучно со 14.08.2023 година беше Александар Стојчевски дипломиран политиколог. За Вршител на должноста Директор на ЈП Комуналец Крива Паланка со решение бр. 04-675/2 од 14.08.2023 година сметано од 15.08.2023 година е именувана Мирка Јакимовска наставник за предучилишно воспитување согласно одредбите на чл.23 од Законот за Јавните претпријатија (Сл.весник на РМ" број 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07,83/09,97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19, Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22) Директорот на претпријатието го избира Градоначалникот на Општина Крива Паланка. Директорот го застапува и претставува претпријатието како законски застапник.

Орган на управување е Управниот одбор на Јавното претпријатие, со членови кои ги именува и разрешува основачот со решение за именување на членови на Управниот орган. Во наведениот период се следните членови:

- Горан Костадиновски,
- Блаже Максимовски,
- Андријана Димитровска,
- Ласте Величковски и Мартин Петковски заклучно со 28.02.2023 година и Антони Стојановски заклучно со 05.09.2023 година.

Во текот на известувачкиот период Управниот одбор има одржано 11 седници.

Контрола на материјалното финансиско работење на Јавното претпријатие ЈП

на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјалното финансиско работење на ЈП Комуналец-Крива Паланка и истиот брои 5 члена и тоа:

- Стојан Младеновски,
- Маја Ивановска-Митровска,
- Татјана Славова,
- Габриела Стојковски и
- Игор Стоилковски.

Во текот на известувачкиот период Надзорниот одбор има одржано 7 седници. На овие седници дадено е мислење за финансиските извештаи-годишна сметка на Јавното претпријатие за деловната 2023 година.

При изготвувањето на Извештајот за работа на ЈП Комуналец-Крива Паланка за 2023 година е појдено од интересите и целите на Претпријатието за постигнување на подобри резултати во работењето, целосно искористување на постојните капацитети, подигање на нивото на услугите, максимална ангажираност на вработените и смалување на трошоците во работењето, а предвидени со програмата за работа за 2023 година.

Преку Секторот за општи и правни работи тековно беа следени сите законски и подзаконски акти, а кои се однесуваа на работењето на претпријатието, на организационата поставеност согласно Законот за вработени во јавен сектор и Законот за административни службеници како и други закони и прописи од интерес за работењето на претпријатието се со цел законско извршување на своите работи на ЈП Комуналец-Крива Паланка.

За периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година Секторот за општи и правни работи ги извршуваше своите работни цели и задачи, изготвување на материјали за седниците за Управен и Надзорен одбор, одлуки, договори, потврди, извештаи и други акти за кореспонденција, решенија во врска со работниот однос на вработените, поднесување на тужби за физички и правни лица, барање за извршување, жалби, застапување на претпријатието пред судовите и други органи и институции.

Во делот на наплата на побарувањата беа превземени соодветни механизми, преку склучување на спогодби за наплата на долгот се до поднесување на тужби и предлози за извршување пред надлежните органи и институции се со цел наплата на побарувањата и овозможување на нормално работење на претпријатието при што за горенаведениот период беа изготвувани тужби (решенија за издавање на нотарски платен налог).

Заклучно со 31.12.2023 година бројот на вработените во претпријатието изнесува 87 вработени организирани во три главни групи и тоа административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица. Во 2023 година во ЈП Комуналец Крива Паланка правото на старосна пензија е остварено од страна на 2 лица. За потребите на ЈП Комуналец-Крива Паланка преку Агенцијата за привремени вработувања привремено беа ангажирани 10 лица за одреден период, како и лица по пат на Договор за дело вкупно 30 лица за вршење на

Со цел постигнување на подобри резултати во работењето, целосно искористување на постојните капацитети, подигање на нивото на услугите, максимална ангажираност на вработените и смалување на трошоците во работењето беа спроведени неколку онлине обуки за вработените во претпријатието.

## Платен промет

Јавното претпријатие потребните активности за извршување на платниот промет ги извршува во рамките на пропишаните одредби за таа намена, притоа има отворено четири денарски сметки и тоа Централна Кооперативна Банка АД Скопје, НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, Стопанска Банка АД Скопје и УНИ АД Скопје како носители на платен промет, односно како штоследува:

| | Жиро сметка | Депонент во |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 320100005041867 | Централна Кооперативна Банка АД Скопје |
| Денарска сметка | 210040270350130 | НЛБ Тутунска банка АД Скопје |
| Денарска сметка | 200001736344224 | Стопанска Банка АД Скопје |
| Денарска сметка | 240350001318969 | УНИ Банка АД Скопје |
| Денарска сметка | 240350117770961 | УНИ Банка АД Скопје-наменска сметка |

## 1. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ ИНАЧЕЛА

### Основни начела

Јавното претпријатие ги изготвува финансиските извештаи засновано врз пресметковна основа (фактурирана реализација), при што ефектите на трансакциите и другите настани се признати кога се настанати.

### Приходи

Приходите се признаваат до степенот до кој е веројатно дека претпријатието ќе има прилив на идни економски користи и тие користи можат веродостојно да се измерат. Приходот се вреднува според објективната вредност на примениот надомест или побарувањето за продадените добра и услуги намалени за одобрените дисконти, рабати и данокот на додадена вредност.

Приходите од продажба се признаваат кога значајниот ризик од доделување на сопственоста на стоките ќе се пренесе на купувачот, вообичаено со испораката на стоките.

Приходите од давање на услуги се признаваат за периодот во кој услугите се дадени и прифатени од купувачот.

Кога се јавува неизвесност во врска со наплатата на дел од реализацијата,

## Расходи

Расходите се прикажуваат врз принципот на пресметковна основа. Расходите се признаваат во висина на направените трошоци за да се реализира приходот, во период кога се признава соодветниот приход.

Трошоците за одржување и поправка на недвижности, постројки и опрема се признаваат преку Билансот на успех и се искажуваат во моментот на нивното настанување во висина на ефективнитеизноси.

## Приходи од камати

Каматите настанати по основ на денарски влогови и побарувања од деловните односи, се искажуваат како останати приходи. Приходи од камати се искажуваат во моментот на нивното настанување, преку Билансот на успех.

Финансиските приходите се признаваат на временска основа според каматна стапка која го одразува ефективниот принос насредствата.

## Нематеријални и материјални средства

Како нематеријални и материјални средства се сметаат правата односно предметите чиј поединечен трошок на набавка е поголем од 300 ЕВРА и корисниот век на употреба е подолг од една година.

Нематеријални и материјални средства се искажуваат по набавни цени намалени за акумулираната амортизација и акумулираната загуба заради обезвреднување. Набавната вредност ја чини фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Градежното земјиште во билансот на состојба се искажува по проценетата пазарна вредност, која одговара на висината на надоместокот утврдена согласно на прописите за експропријација, а земјоделското земјиште, во висина на основицата за наплата на данокот на промет за соодветно земјиште, утврдена согласно прописите за данок на промет на земјиште.

Нематеријалните и материјални средства кои се набавени, односно преземени од друго правно лице без надоместок или со делумен надоместок се евидентираат по нивната книговодствена вредност (набавна, односно ревалоризирана вредност со намалување на кумулативната исправка на вредноста до преземањето на основните средства) зголемена за зависни трошоци. Позитивната разлика настаната при продажбата на материјалните и нематеријални средства се книжи непосредно во корист на останатите приходи, а негативната разлика на терет на останатите трошоци.

Последователните издатоци за недвижностите, постројките и опремата се признаваат како средство само тогаш кога издатоците ја подобруваат состојбата на средството над неговиот почетно проценет стандард на успешноста на користењето. Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во Билансот на успех во текот на периодот во кој се јавуваат.

Под вложувања во недвижности се подразбира недвижниот имот (земјиште и градежни објекти) кои се чуваат од сопственикот заради остварување на приход по основ на наем или заради зголемување на капиталот.

Долгорочните финансиски средства претставуваат долгорочни финансиски вложувања, дадени долгорочни кредити и заеми, финансиски средства расположиви за продажба.

## Амортизација

вредност на средствата целосно да се отпише во нивниот проценет годишен век. Амортизацијата започнува да се пресметува со ставање на средствата во употреба.

Средството почнува да се амортизира кога станува расположливо за употреба, а пресметката на амортизација престанува кога средството е класифицирано како средство за продажба. Средството не престанува да се амортизира кога тоа останува неискористено или се повлекува од активна употреба, освен кога средството е целосно амортизирано.

Секоја ставка од средствата треба поединечно да се амортизира.

Износот по којшто се депрецира средството треба да биде алоцирано на системска основа во текот на корисниот век на употреба.

Векот на употреба на средството е дефиниран од очекуваната корисност на средството за ентитетот. Векот на употреба може да биде пократок од неговиот економски век. Проценката на векот на употреба на средството е предмет на расудување врз основа на искуство на ентитетот.

Земјиштето има неограничена употреба и несеамортизира.

Трошокот за депрецијација за секој период треба да биде признаен во добивката или загубата освен ако тоа не е вклучено во сметководствената вредност на друго средство.

Основица за пресметување на амортизацијата претставува набавната вредност, односно ревалоризационата вредност на средствата.

Набавната вредност на средствата согласно прифатените сметководствени стандарди ја сочинуваат куповната цена (фактурната вредност), зголемена за увозните давачки и даноците кои не се рефундираат при купувањето и сите други издатоци кои директно се пропишуваат на подготвувањето на средството за неговата наменета употреба. Сите трговски попусти и рабати се одбиваат при утврдувањето на набавната вредност.

Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на амортизационите групи утврдени од страна на правниот субјект се додека вредноста на средствата не биде во целост надоместена, а годишните стапки се како што следува:

| | |
|---|---|
| Недвижности (градежниобјекти) | 2,5% |
| Деловен инвентар (опрема, погонски и деловен инвентар) | 5% |
| Возила (транспортни средства) | 10% |
| Мебел и деловен инвентар | 20% |
| Компјутерска опрема и софтвер | 25% |
| Телекомуникациска опрема | 20% |
| Нематеријални средства | 20% |

Кога ќе се надомести вредноста која претставува основица за пресметување на амортизацијата, односно кога износот на набавната вредност на средствата е еднаков на отпишаната вредност, престанува натамошното пресметување на амортизацијата.

## Побарувања по основ напродажба

Побарувањата од купувачи и останатите побарувања првично се признаваат по објективна вредност на надоместот кој се очекува. Мерењето на побарувањата се врши според нивната номиналнавредност.

## Залихи

Залихите се средства во облик на суровини или помошни материјали кои се трошат

Трошоците на залихите ги опфаќаат трошоците на набавката, трошоците на конверзијата и другите трошоци што се стекнуваат со цел залихите да се доведат на постојната локација во постојните услови.

Трошоците на набавката на залихите ги опфаќаат набавната цена, увозната царина и другите даноци, превозот, манипулативните и другите трошоци. Трговските попусти, рабатите и другите слични ставки се одземаат при утврдувањето на трошоците на набавката.

Ситниот инвентар, алатот и автогумите се отпишуваат за 100 % од вредноста при ставање во употреба.

## Парични средства

Паричните средства на сметките кај носителите на платниот промет и во благајната се искажуваат во номинален износ според доставениот извод за состојбата на сметките и благајничкиотизвештај.

Оперативните обврски кон добавувачите и останатите краткорочни обврски се мерат според вредноста на примените средства. Обврските по заеми, обврските за аванси, депозити и гаранции, обврските спрема добавувачите, обврските спрема вработените, обврски за даноци, придонеси и други давачки и останатите краткорочни обврски се искажуваат во вредност која е искажана во соодветна сметководствена исправа, зголемена за каматите според склучениот договор, пропис односно одлука на надлежниот орган надруштвото.

Овие обврски се класифицираат како краткорочни доколку рокот на доспевање им е до 12 месеци, а ако овој рок е подолг од 12 месеци се класифицираат какодолгорочни.

## Капитал и резерви

Капиталот ги опфаќа иницијалните сопствени средства за работење заедно со акумулираната добивка распоредена во овој фонд, другите акумулирани приходи и распоредената ревалоризациона резерва.

Законските резерви се издвојуваат во висина од 5% од нето добивката се додека резервите на субјектот не достигнат износ кој е еднаков на (1/10) една десетина од основната главнина. Намалувањето на оваа резерва по било кој основ треба да се надомести.

## Обврски

Оперативните обврски кон добавувачите и останатите краткорочни обврски се мерат според вредноста на примените средства. Обврските по заеми, обврските за аванси, депозити и гаранции, обврските спрема добавувачите, обврските спрема вработените, обврски за даноци, придонеси и други давачки и останатите краткорочни обврски се искажуваат во вредност која е искажана во соодветна сметководствена исправа, зголемена за каматите според склучениот договор, пропис односно одлука на надлежниот орган на друштвото.

Овие обврски се класифицираат како краткорочни доколку рокот на доспевање им е до 12 месеци, а ако овој рок е подолг од 12 месеци се класифицираат како долгорочни.

## Долгорочни резервирања

Долгорочните резервирања се однесуваат на трошоци и ризици кои се вреднуваат според

## 2. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ/ ГОДИШНА СМЕТКА

### Цели на финансиските извештаи

Целта на финансиските извештаи е тоа што тие даваат информации за финансиската состојба, резултатот и промените во финансиската состојба, потребни за голем број на корисници на овие извештаи. Тие треба објективно да ја презентираат финансиската состојба, финансиските резултати и паричните текови на ентитетот што подразбира верна презентација на ефектите од трансакциите, другите настани и состојби во согласност со дефинициите и критериумите за признавање на средствата, обврските, приходите и расходите.

Една од најзначајните карактеристики на финансиските извештаи е што истите се изготвуваат на пресметковна основа во сметководството, при што применетиот принцип ги признава ефектите од трансакциите кога ќе настанат. Настанатите трансакции треба без одложување да се евидентираат во сметководствената евиденција која е основа за изготвување на финансиските извештаи. На овој начин се даваат информации на корисниците на извештаите не само за минатите настани кои вклучуваат плаќање или примање на парични средства, туку и за обврски за кои треба да се платат парични средства во идниот период.

Основни квалитативни карактеристики на финансиските извештаи се:

Разбирливост;

Релевантност;

Материјалнос;

Суштина над формата;

Неутралност;

Претпазливост;

Споредливост.

Веродостојност

### Кои се елементите на финансиските извештаи ?

За мерењето на финансиската состојба се пропишани неколку елементи:

- Средствата;
- Обврските;
- Главнината/капиталот.

Средствата претставуваат ресурс контролиран од страна на ентитетот како резултат на минати настани од кој се очекува прилив на идни економски користи за ентитетот.

Обврската претставува сегашна облигација на претпријатието која произлегува од минати настани, за чиешто подмирување се очекува одлив на ресурси на претпријатието кои содржат економски користи. Обврската треба да претставува сегашна обврска односно обврска која на денот на известувањето не е подмирена.

Обврската треба да се искаже само кога средството ќе биде испорачано. Покрај наведеното, треба да се истакне дека се дозволува обврските да се искажат и кога се врши проценка, односно резервирања за одделни иднинастани.

Капиталот е остатокот на учеството во средствата на ентитетот по одземањето на сите негови обврски

Елементите кои учествуваат во креирање на резултатот се приходите и расходите кои припаѓаат на тековниот пресметковен период.

Средствата се признаваат во билансот на состојба кога е веројатно дека идните економски користи ќе се влеат во ентитетот и кога тоа има набавна вредност или друга вредност која може да се измери. Доколку не се очекуваат економски користи во наредниот период, тогаш издатокот нема да добие третман на средство, туку како трошок во билансот науспех.

Обврските се признаваат во билансот на состојба кога е веројатно дека ќе има одлив на ресурси како резултат на подмирување на сегашните обврски.

Приходите се признаваат во билансот на успех кога ќе настане зголемување на идни економски користи поврзани со зголемување на средство или намалување на обврски и истите може веродостојно да се измерат. Приходите треба да се мерат според објективната вредност на надоместокот кој што е примен или се побарува.

Треба да се истакне дека расходите се признаваат во билансот на успех врз основа на директна поврзаност помеѓу направените трошоци и заработката, што претставува спротивставување на расходите со приходите.

**Како се мерат елементите на финансиските извештаи?**

Историска набавна вредност, според кое средствата се евидентираат според износот на паричните средства кои се платени или според објективната вредност на надоместокот даден за нивно стекнување, додека обврските според износот на примените приливи во замена за обврската или износот на пари кои се очекува да бидат платени за да се подмири обврската;

Тековни трошоци, според кои средствата се евидентираат се износот на паричните средства кои требало да се платат доколку тековно би било стекнато исто или еквивалентно средство, додека обврските се евидентираат според недисконтиран износ на пари кои би биле потребни за тековно подмирување на обврската;

Реализациона вредност, според кое средствата се евидентираат според износот на парични средства кои можат да се добијат со продажба на средствата по пат на редовно отуѓување. Обврските се евидентираат според набавната вредност при подмирување односно по недисконтирани износи на пари кои се очекува да се платат со цел да се подмири обврската во нормалните деловни активности;

Сегашна вредност, според кое средствата се евидентираат според сегашната дисконтирана вредност на идните нето парични приливи кои се очекуваат од средството во рамките на нормално работење. Обврските се евидентираат според сегашна дисконтирана вредност на идните нето парични одливи кои се очекува да бидат потребни за подмирување на обврската во рамките на нормалното работење.

***ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КРИВА ПАЛАНКА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023***

| Позиција | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 73.955.634 | 67.242.969 |
| Останати оперативни приходи | 1.024.713 | 24.663.816 |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 13.165.989 | 13.656.344 |
| Трошоци за вработените | 45.382.206 | 38.014.851 |
| Амортизација и ревалориз. на амортизација | 6.403.854 | 3.869.545 |
| Останати оперативни расходи | 14.171.483 | 11.680.876 |
| Добивка/загуба од оперативно работење | -4.143.185 | 24.685.169 |
| Данок на добивка | | 2.491.323 |
| Нето добивка/загуба од редов. активности | | 22.193.846 |
| Нето добивка/загуба | -4.143.185 | 22.193.846 |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КРИВА ПАЛАНКА ОД 01.01.2023 ДО 31.12.2023**

| *По-зи-ција* | *Назив на позицијата* | *Тек. година (2023)* | *Претходна (2022)* |
|---|---|---|---|
| I | **Добивка/загуба за периодот** | **-4.143.185** | **24.685.169** |
| II | **Останата сеопфатна добивка / загуба за периодот којашто не се прикажува во Билансот на успехот (пред оданочување)** | | |
| 1. | Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | | |
| 2. | Промена на ревалоризационите резерви на долгорочните материјални и нематеријални средства | | |
| 3. | Добивка или загуба врз основа на дополнително вреднување на финансиските средства кои се расположливи за продажба | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Добивка или загуба врз основа на инструменти за заштита од ризикот од паричните текови | | |
| 5. | Добивка или загуба врз основа на инструменти за заштита од ризикот од нето вложување во странско работење | | |
| 6. | Удел во останатата сеопфатна добивка/загуба на придружените друштва | | |
| 7. | Актуарски добивки/загуби по дефинирани планови за користи | | |
| III | Данок на добивка на останатата сеопфатна добивка за периодот (10%) | | |
| IV | Нето останата сеопфатна добивка/загуба за периодот | | |
| V | Сеопфатна добивка/загуба за периодот | | |
| VI | Сеопфатна добивка/загуба за периодот што припаѓа на: *Позицијата VI, според нас, би требало да се пополни само при составувањена консолидирани финансиски извештаи.* | | |
| 1. | Сопственици на капиталот на матичното друштво | | |
| 2. | Неконтролирано учество (Малцински интерес) | | |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КРИВА ПАЛАНКА**

**на ден 31.12.2023 година**

| **СРЕДСТВА** | **31.12.2023** | **31.12.2022** |
|---|---|---|
| **А) Побарувања за запишан а неуплатен капитал** | | |
| **Б) Долгорочни средства** | **78.529.951** | **84.399.973** |
| Нематеријални средства | | |
| Материјални средства | 78.529.951 | 84.399.973 |
| Долгорочни вложувања | | |
| Долгорочни побарувања | | |
| **В Тековни средства )** | **58.840.010** | **55.040.511** |

| | | |
|---|---|---|
| Залихи | 4.520.272 | 3.977.588 |
| Побарувања од купувачи | 50.316.989 | 47.375.608 |
| Побарув. за аванси во земјата | | |
| Останати краткор. побарувања | 2.187.121 | 842.035 |
| Краткорочни фин. вложувања | | |
| Активни времен. разграничува | 1.356.371 | 1.828.831 |
| Парич. средства и еквиваленти на парични средства | 459.257 | 962.921 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **137.369.961** | **141.269.315** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | |
| **А Капитал и резерви )** | **99.935.121** | **102.578.306** |
| Запишан капитал | 77.546.873 | 76.046.873 |
| Премии на емитирани акции | | |
| Ревалоризациона резерва | | |
| Резерви | 1.828.745 | |
| Акумулирана добивка/загуба | 20.559.503 | 22.193.846 |
| Нето добивка од акумулирана добивка | | |
| **Б) Долгорочни резервирања за ризици и трошоци** | | |
| **В) Малцински интерес** | | |
| **Г)Долгорочни обврски( кредит)** | 9.666.550 | 12.771.867 |
| **Д) Тековни обврски** | **27.768.290** | **25.919.142** |
| Обврски спрема добавувачи | 12.877.148 | 10.582.351 |
| Останати краткорочни обврски | 14.560.238 | 15.336.791 |
| Обврски за аванси | 146.200 | |
| Обврски по краткор. кредити | | |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди | 184.704 | |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | **137.369.361** | **141.269.315** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ ЗА 2023 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| **А)- Готовински текови од деловни активности** | 6.736.165 | 32.607.525 |
| Нето добивка/загуба после оданочување | -4.143.185 | 22.193.846 |
| Амортизација | 6.403.854. | 3.869.545 |
| Ревалоризација на амортизацијата | | |
| Зголемување/намалување на залихи | 542.752 | 1.326.250 |
| Зголемување/намалување на побарувања од купувачи | 2.941.381 | 688.019 |
| Зголемување/намалување на побарувања за аванси | | |
| Зголемување/намалување на останати краткор. побарувања | -531.525 | |
| Зголемување/намалување на АВР | -472.460 | 1.828.831 |
| Зголемување/намалување обврски спрема | 2.294.797 | 1.015.556 |
| добавувачи | | |
| Зголемување/намалување обврски за примени | 146.200 | |
| аванси | | |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни | -630.353 | 1.685.478 |
| обврски | | |
| Зголемување/намалување на ПВР | 184.704 | |
| **Б) Готовински текови од инвестициони** | | |
| **активности** | | |
| Директни набавки на нематеријални и материјални | | |
| средства | | |
| Продажба на материјални и нематеријални средства | | |
| Зголемување/намалување на долгорочни вложувања | | |
| Зголемување/намалување на долгорочни | | |
| побарувања | | |
| Зголемување/намалување на краткорочни финанс. | | |
| вложувања | | |
| **В) Готовински текови од финансиски активности** | 1.605.175 | 9.545.663 |
| Зголемување на капиталот | 1.500.000 | 1.000.000 |
| Зголемување/намалување на долгорочни кредити | -3.105.175 | 8.454.663 |
| Зголемување/намалување на краткорочни кредити | | |
| Исплатени дивиденди | | |
| Откуп/продажба на сопствени акции | | |
| Зголемување/намалување на паричните средства | -503.664 | 427.307 |
| Парични средства на почетокот на годината | 962.921 | 535.614 |
| Парични средства на крајот на годината | 459.257 | 962.921 |

# ЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА ЗА ПЕРИОДОТ

(во илјада денари)

| Позиција | Запишан капитал | Премии на емитирани акции | Резерви издвоени од нето добивката | Акумулирана добивка /загуба | Нето добивка: Добивка за финансиската година | Останата сеопфатна добивка / загуба за периодот (по оданочување): Промена на ревалоризационите резерви на долгорочните материјални и нематеријални средства | Добивка / загуба врз основа на дополнително вреднување на финансиските средства кои со расположливи за продажба | Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | Актуарски добивки / загуби по дефинирани плнови за користи | Добивка / загуба врз основа на инструменти за заштита од ризикот од нето вложување во странско работење | Удел во останатата сеопфатна добивка / загуба на придружните друштва | Вкупна сеопфатна добивка за перидот по оданочување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| a | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 = (5+6+7+8+9+10)+11 |
| Состојба на 01.01.22 | 74.715 | 0 | 0 | 2.509) | 0 | | | | | | | |
| Исправка на грешки од претх. периоди | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Влијание на промените во сметководствените политики | | | | | | | | | | | | |
| Корегирана состојба на 01.01.22 | 74.715 | 0 | 0 | (2.509 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Уплати од акционерите (сопствениц.) | 1.000 | | | | | | | | | | | |
| Исплати на акционерите (сопствениц.) | | | | | | | | | | | | |
| Зголемување на капиталот (без уплати од акционери / сопствен.) | | | | | | | | | | | | |
| Намалување на капиталот (без исплати на акционери / сопствен.) | | | | | | | | | | | | |
| Добивка / Загуба за тековната година | | | | 22.194 | | | | | | | | |
| Зголемување на сеопфатн. добивка | | | | | | | | | | | | |
| Намалување на сеопфатн. добивка | | | | | | | | | | | | |
| Состојба на 31.12.22 | 75.715 | 0 | 0 | 24.703) | 0 | | | | | | | |
| Добивка за распределба на акционери / сопственици на матичн. друштво | | | | | | | | | | | | |
| Добивка за малцинските сопственици | | | | | | | | | | | | |
| Состојба на 01.01.23 | 75.715 | 0 | 0 | 24.703 | 0 | | | | | | | |
| Исправка на грешки од претх. периоди | | | | | | | | | | | | |
| Влијание на промените во сметководствените политики | | | | | | | | | | | | |
| Корегирана состојба на 01.01.22 | 75.715 | 0 | 0 | 24.703 | 0 | | | | | | | |
| Уплати од акционерите (сопствениц.) | | | | | | | | | | | | |
| Исплати на акционерите (сопствениц.) | | | | | | | | | | | | |
| Зголемување на капиталот (без уплати од акционери / сопствен.) | | | | | | | | | | | | |
| Намалување на капиталот (без исплати на акционери / сопствен.) | | | | 4.143 | | | | | | | | |
| Добивка / Загуба за тековната година | | | | | | | | | | | | |
| Зголемување на сеопфатн. добивка | | | | | | | | | | | | |
| Намалување на сеопфатн. добивка | | | | | | | | | | | | |
| Состојба на 31.12.23 | 77.215 | | | 20.560 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Добивка за распределба на акционери / сопственици на матичн. друштво | | | | | | | | | | | | |
| Добивка за малцинските сопственици | | 0 | 0 | | 0 | | | | | | | |

## 3„ ОБЈАСНУВАЧКИ БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### СОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

На крајот на фискалната година, пред составување на годишната сметка, јавните претпријатија се обврзни да ги спроведат следните чекори:

Книжење на сите деловни промени кои се однесуваат на пресметковниот период;

Да извршат усогласување на сметководствената состојба на средствата со фактичката состојба утврдена на пописот;

Да извршат пресметка на амортизацијата;

Да извршат пресметка на отписот на ситниот инвентар;

Да извршат пресметка на курсните разлики при сведување на сите парични средства, побарувања и обврски искажани во странска валута;

Да извршат пресметка на данокот на добивка;

Да се извршат други пресметки кои имаат влијание на финансискиот резултат или се во врска со годишната сметка и и финансиските ивештаи.

Годишната сметка треба да се достави најдоцна до 15 Март 2024 година до:
Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар. Управата за јавни приходи - Даночен биланс;

Јавните претпријатија се должни да ги достават следните обрасци:
- Биланс на успех ( Извештај за добивка илизагуба);
- Биланс на состојба (Извештај за финансискасостојба);
- Извештај за останата сеопфатнадобивка;
- Објаснувачкибелешки;
- Даночен биланс за оданочување надобивка;
- Образец ДЕ - Посебни податоци за државнаевиденција;
- Образец СПД - структура на приходи подејности;

Во продолжение е изнесено резиме на позначајните сметководствени политики кои беа применети при подготовка на финансиските извештаи/ годишна сметка на Јавното претпријатие на 31 декември 2023 година. Сметководствените политики се применуваат конзистентно во текот на целата презентирана година, во се еднакво како и за претходнатагодина

### БИЛАНС НА УСПЕХ

#### Приходи од продажба

**Приходите од продажба во 2023 година во износ од 73.955.634 илјади денари (2022 година во износ од 61.926.702 илјади денари) се остварени по основ на:**

| Опис | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Приходи од снабдување и испорака на вода | 18.429.874 | 18.459.529 |
| Приходи од одведување и пречистување на отпадни води | 2.350.606 | 2.012.102 |
| Сибирање на отпад | 32.667.701 | 28.228.996 |
| Останати усчуги на чистење и одржубање, уредување | 13.140.663 | 12.904.553 |
| Погребални и слични дености | 2.651.400 | 2.598.714 |
| Приходи од други видови на услуги | 4.715.390 | / |
| Вкупно: | 73.955.364 | 61.926.702 |

## Останати деловни приход

Останатите деловни приходи за 2023 година во износ од 1.024.713 илјади денари (2022 година изнесуваат 24.663.016 илјади денари) се состојат од следните приходи:

| Опис | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| | | 000 денари |
| Приходи од премии, субвенции, дотации и донации | 4.500 | 23.755.891 |
| обврски | | |
| Останати деловни приходи | 1.020.213 | 907.125 |
| Вкупно: | 1.024.713 | 24.663.016 |

## Материјалнитрошоци

Материјалните трошоци ги сочинуваат трошоците направени во текот на оперативното работење, и тоа:

| Опис | 2023 | 2022 | |
|---|---|---|---|
| Потрошени суровини и материјали | 5.650.416 | 4.979.545 | |
| Потрошена енергија и гориво | 5.105.069 | 6.898.033 | |
| Потрошени резервни делови | 2.164.711 | 1.778.766 | |
| Транспортни услуги | | 401.628 | |
| Наемнини - лизинг | | 225.000 | |
| Останати услуги | 142.844 | 1.091.231 | |
| **Канцелариски материјал** | 245.793 | | |
| **Вкупно:** | **13.165.989** | **15.374.203** | |

Потрошени суровини и материјали,потрошен канцелариски материјал, потрошен материјал за чистење и тековно одржување, потрошени средства за заштита приработа.

Потрошена енергија се однесува за потрошената електрична енергија, потрошено гориво.

Потрошени резервни делови се однесуваат на набавките на резервни делови за одржување на материјални средства.

Останати услуги се однесуваат трошоци за регистрација и технички преглед на службени патнички и товарни возила, услуги за користење на пат - патарини, трошоци за софтвер и одржување на софтвер, извршени анализи на вода за пиење од страна на Заводот за здравствена заштита и Републичкиот завод и трошоци за дезинфекција и дератизација.

## Трошоци за брутоплати

Трошоците за бруто плати за 2023 година изнесуваат 45.382.206 денари

| **Опис** | **2023** | **2022** |
|---|---|---|
| Вкалкулирани плати | 45.382.206 | 36.475.427 |
| **Вкупно:** | 45.382.206 | **36.475.427** |

Трошоците за вработените ги опфаќаат нето платите и надоместоците за вработените како и данокот од плати и придонесите за: здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и придонес завработување.

**Останати оперативни трошоци**

| ОПИС | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Надомест на трошоците на вработените, подароци и помошти | 1.550.036 | 1.399.869 |
| Трошоци за надомест и др.примања на членови на УО и НО | 428.188 | 469.453 |
| Трошоци за промоција, пропаганда, репрезентација и спонзорство | 133.680 | 177.057 |
| Премии за осигурување | 211.949 | 396.679 |
| Банкарски услуги и трошоци на платниот промет | 197.719 | 173.966 |
| Даноци, придонеси, членарини и други давачки кои не зависат од резултатот | 153.970 | 80.619 |
| Останати нематеријални трошоци по доовор на дело и агенција | 9.958.684 | 7.267.152 |
| Кусоци и расходи | 941 | 56.042 |
| Останати расходи од работење | 101.156 | 42.770 |
| **Вкупно:** | **12.736.323** | **10.063.607** |

**Амортизација и вредносно усогласување на долгорочнисредства**

Амотизацијата по минимални стапки ја сочинувапресметанатаамортизација согласно сметководствените политики. За 2022 година е пресметан расход за амортизација во износ од 3.869.545 ден а во 2023 изнесува 6.403.854 ден

Надоместот на трошоците на вработените се однесуваат на надомест за отпремнина при заминување во пензија, регрес за годишен одмор, трошоци за здравстени прегледи на вработени, трошоци за обука и специјализација на вработени, трошоци за семинари и други надоместоци на трошоци на вработените.
Останати нематеријални трошоци опфаќаат трошоци за исплатите за правни- адвокатски и нотарски услуги, услуги за вештачење, надомести за лица ангажирани преку агенција за времени вработувања и провизија за ангажирани работници, услуги по договор за дело, трошоци за утврдување на тарифи за водни услуги, трошоци за претплата на стручни списанија, трошоци за огласување во весник, трошоци за објавување оглас - тендер, судски трошоци и други неспомнати нематеријалнитрошоци.

**Расходи по основ на каматии по пресуди**

| Опис | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Отпис на побарувања по судски пресуди | 35.482 | 169.317 |

| | | |
|---|---|---|
| Камати од работењето со неповрзани субјекти | 682.098 | 173.966 |
| **Вкупно:** | **717.580** | **343.283** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА АКТИВА

### Тековни средства

### Парични средства

Паричните средства на ден 31 Декември 2022 година се прикажани во следната табела:

| **ОПИС** | **2023** | **2022** |
|---|---|---|
| Трансакциски сметки | 373.276 | 863.218 |
| Благајна | 86.021 | 99.702 |
| **Вкупно:** | **459.297** | **962.921** |

### Побарувања од продажба

| | |
|---|---|
| **Побарувања од купувачи физички лица** | **27.589.114** |
| **Побарувања од купувачи правни и инмституции** | **22.727.875** |
| **Вкупно** | **50.316.989** |

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Суровини и материјали на залиха | 4.520.272 | 3.977.588 |
| Ситен инвентар во употреба | | |
| **Вкупно:** | **4.520.272** | 3.977.588 |

**Залихите ги сочинуваат:**

Обврските кон добавувачите за 2022 година се во вкупен износ од 20.135.049денари од кој
- Краткорочни обврски во износ од 10.582.351 денари
- Обврски по основ на лизинг во износ од 9.552.698 денари.
-

Обврските кон добавувачите за 2023 година се во вкупен износ од 20.414.767 денари од кој
- Краткорочни обврски во износ од 12.877.148 денари
- Обврски по основ на лизинг во износ од 7.537.619 денари.

**Активни временски разграничувања**

Активни временски разграничувања за 2023 година во износ од 1.356.371

(2022 година изнесуваат 1.828.831 703 илјади денари)

**Други краткорочни побарувања 1.350.834 за 2022 а за 2023 изнесуваат 1.882.359**

**Нетековни средства**

**Нематеријални и материјални средства**

**Состојбата и промените на нематеријалните и материјалните средства во 2023 година се прикажани аналитички по групи (следи табела) :**

**Материјални средства** 000 Денари

| | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Инвестиции во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| **Салдо на 1 Јануари 2023 (тековна година)** | 5.899. | 77.798 | 84.708 | | 168.405 |
| **Зголемување** | 111. | | 460. | | 571. |
| **Намалување** | | | | | |
| **Салдо на 31 Декември 2023 (тековна година)** | 6.010 | 77.798 | 85.168 | | 168.976 |
| **Исправка на вредноста** | | | | | |
| **Салдо на 1 Јануари 2023 (тековна година)** | | 40.706 | 43.800 | | 84.506 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Намалување** | | | | |
| **Салдо на 31 Декември 2023 (тековна година)** | | **42.494** | **48.416** | **90.910** |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2023 (тековна година)** | 6.010 | 35.304 | 36.752 | 78.066 |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2023 (тековна година)** | 5.899 | 37.092 | 40.907 | 83.898 |
| **Набавна вредност** | **5.654** | **77.798** | **53.166** | **136.618** |
| **Салдо на 1 Јануари 2022 (тековна година)** | | | | |
| **Зголемување** | 245. | | **32.406** | **32.651** |
| **Намалување** | | | **-865** | **-865** |
| **Салдо на 31 Декември 2022 (тековна година)** | **5.899** | **77.798** | **84.708** | **168.405** |
| **Исправка на вредноста** | | | | |
| **Салдо на 1 Јануари 2022 (тековна година)** | | **38.960** | **42.204** | **81.164** |
| **Амортизација** | | **1.746** | **2.123** | **3.869** |
| **Намалување** | | | **-526.** | **-526** |
| **Салдо на 31 Декември 2022 (тековна година)** | | **40.706** | **43.800** | **84,506** |
| **Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2022 (тековна година)** | **5.899** | **37.092** | **40.907** | **83,898** |
| **Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2022 (тековна година)** | **5,654** | **38,838** | **10,962** | **55,454** |

-

## Останати краткорочни обврски

Останати краткорочни обврски за 2022 година во износ од 13.178.645 милиони денари а во 2023 14.706.438

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| Обврски за даноци и придонеси на плата и плати за вработени | 3.789.159 | 3.496.936 |
| Обврски за персонален данок на доход | 631.628 | 637.575 |
| Обврски по договор на дело | 400.298 | 528.009 |
| Обврски за Управен и Надзорен Одбор | 368.269 | 196.630 |
| Обврски за одржување на јавни површини на физички и правни лица | 5.594.610 | 5.212.330 |
| Обврска за надоместок за користење на вода | 3.352.885 | 3.107.165 |
| **Други неспомнати обврски** | **569.589** | |
| **Вкупно:** | **14.706.438** | **13.178.645** |

**Обврска покредит**

Обврска по кредит заклучно со 31.12.2022 година изнесува 3.219.169 денари. А за 2023 обврска по основ на кредит изнесува 2.128.931 денари

Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди во 2023 година изнесуваат 184.704 денари

**Нетековни обврски**

**Капитал**

Капиталот во 2023 година во износ од 77.546.873 денари ги претставува сопствените трајни извори на средства за работење на Јавното претпријатие. Капиталот може да се користи за покривање на загубата, доколку резервите не се доволни за тоа, а истиопт во 2022 година изнесува 76.046.876 денари

**Резерви**

Во 2023 година резервите изнесуваат 1.828.745 денари.

**Акумулирана Добивка**

Акумулираната добивка за 2023 година изнесува 24.702.688 денари додека пак загубата за 2024 е 4.143.185 денари

ЈП„Комуналец"-Крива Паланка во 2023год.стопанисуваше со осум водоводи во општината и тоа:

- Градски водовод „Калин Камен"
- Водовод „Скрљава и Белево"
- Водовод„Трнци"
- Водовод Граничен премин „Деве Баир "
- Водовод„Узем-Жидилово"
- Водовод„Видња" во с.Дурачка Река и Маневци
- Водовод „Деловодци – Чивлк" во с.Конопница
- Водовод „Луке " во с.Луке

Како во изминатиот период,така и во 2023 година, ЈП„Комуналец"- Крива Паланка редовно ги одржуваше водоводната и канализациона инсталација со која

што стопанисува, постапуваше по Барања за нови приклучоци на водоводна и канализациона мрежа, Барања за измена на линии за кои постојат хидротехнички услови како и Барања за извршување на разни водоинсталатерски услуги.

Од **Градскиот водовод „Калин Камен"** со вода се снабдува градот, приградските населби и дел од населбата „Грамаѓе" во село Конопница.Водата за градскиот водоводдоаѓа од изворите во „Калин Камен" по гравитационентранспортен цевковод.

Во Програмата за работа за2023 година ни беше планирано да се продолжи со активности за санација на изворите на Калин Камен, од месец мај па се до месец октомври, екипа од вработени во сектор за водовод и канализација , реализира дел од предвидените работи, односно беа санирани захвати и шахти за кои проценивме дека се поприоритетни. Трошокот за санирање беше од сопствени средства. Исто така во месец ноември имавме поголем дефект на линија и за истиот веднаш се превземени активности за санирање.

Во 2023 година беше планирано да направиме заштитни зони во Калин Камен како и за бунарскиот систем „Свети Никола" како што се предвидени во елаборатите за заштитни зони. Ова не е направено,бидејќи сеуште немаме добиено Решение за истите од Министерство за здравство и од Министерство за животна средина и просторно планирање.Кога ќе добиеме Решение, ќе ја реализираме оваа активност. Барање е испратено уште во 2020 година и уште неколку пати испраќавме дописи за ургентен одговор.

Во изминатата година,ЈП „Комуналец"- Крива Паланка продолжи со реализацијата на проектот за реконструкција на дел од водоводната мрежа во Крива Паланка и тоа се правеа поврзувања на постојните водоводни приклучоциод стара на новата линија на дел од улица „Партизанска" , дел од улица „Моша Пијаде",дел од улица „Св.Јоаким Осоговски"(од Костурница до Ветеринарна станица) и др.

Во 2023 година заменивме дел одстара водоводна мрежа каде што имаме често дефекти и потоасе направи поврзување на постоечките приклучоци со новопоставеното црево.Сите овие активности беа извршени во период пред асфалтирање,поплочуване или изработка на потпорни ѕидови во договор со Општина, а со финасиски средства на ЈП „Комуналец" и Општина Крива Паланка.Овие потрошени финансиски средства се оправдани,бидејќи знатно е намален бројот на дефкти,а со тоа и трошок за делови,како и загубите на вода во мрежата.

Во минатата година преку овој систем на водовод до граѓаните се дистрибуирани548 533 м³ вода што е минимално помалку во однос на претходната година.

**Водоводот „Скрљава и Белево"** ги снабдува со вода граѓаните од населбата Белево,нас.Скрљава и дел од Грамаѓе.Водата заовој водовод преку доводниот цевковод по гравитација доаѓа од изворите во Бурилова Чука во Дренак, од изворите во месноста викана Голема Ливада иизвор во атарот на село Мартиница.Немавме недостиг на вода на овој водоводен систем.

Преку овој водовод во 2023 година се дистрибуирани 28 543 м³ вода за пиење до граѓаните во горенаведените населби.

**Водоводот „Трнци“** ги снабдува со водаграѓаните од маалата „Трнци“ во село Конопница и дел од село Мождивњак..Водата со пумпа се вади од бунар преку постојниот цевковод, се носи во резервоарот, а потоа по гравитација доаѓа до корисниците. На овој водовод веќе неколку години е планирано поврзување со водовод „Деловодци“, но не се изреализира комплетно и другиот дел останува за реализација во наредната 2024 година во соработка со Општина Крива Паланка.

Беше предвидено да се стави нова пумпа во бунарот од водоводниот систем кај „Пролетер“ во село Конопница кој е предаден на ЈП „Комуналец“ и да се направи санација на резервоарот и комплетната инсталацијата од овој систем, а потоа да се поврзе овој водоводен систем со веќе постоечкиот во с.Конопница за „Трнци“. Претходната година ова не е направено,бидејќи постојниот водоводен систем имаше доволно количество на вода за задоволување на потребите на корисниците.

Во 2023 година од овој систем корисниците имаат потрошено односно фактурирано12452м³ вода.

**Водоводот „Деве Баир“** ги снабдува со вода комплет сите објекти на Граничниот премин Деве Баир, ПС „Рамна Нива“ и неколку индивидуални стамбени објекти околу преминот.Водата во овој системдоаѓа од трите извори во „Бождарица“. И на овој водоводен систем направивме замена на дел на водоводна мрежа на делот каде што имавме најчесто дефекти.

Во јануари направивме замена на дел од водоводна линија,каде што имавме зачестени дефекти.
Во 2023 година преку овој водовод се дистрибуирани4683 м³ вода.

**Водоводот „Узем-Жидилово“** со вода за пиење снабдувадел од населението од село Узем и село Жидилово кои живеат по течението на Крива Река.Водата во овој систем доаѓа од изворот „Селиште“ во Костур.Жителите на овие села имаат сопствени води и оваа вода ја користат само кога нивните води ќе намалат или пресушат.Бидејќи се работи на патот кон Граничен премин „Деве Баир“, и оваа година повеќе пати од страна на изведувачот на овој проект имаше кинење на водоводната линија и истото беше санирано од нашите вработени, а трошокот за санирање беше на терет на изведувачот на проектот.

Во 2023 година преку овој водовод се фактурирани само 3 265 м³ вода, што значи и оваа година со остварените средствасе покриени само анализите за испитување на водата и средствата за хлорирање.

**Водоводот „Видња-Змаевац“** ги снабдува со вода за пиењеграѓаните од с.Дурачка Река, како и дел од граѓаните од населба Маневци.Кон крајот на месецјануари се направи санирање на захват и собирна шахта.

Во минатата година од овој водовод се фактурирани 12 047м³ вода.

**Водоводот „Деловодци-Чивлк“** снабдува со вода за пиење дел од населението во село Конопница и тоа маалите: „Деловодци,Стамболици, Чивлк, Дом и Карпина Мала“. Како претходните години, така и оваа година од поројните дождови неколку пати дојде и до пробивање на дел од захватите, екипа од секторот веднаш

пристапи кон санирање на истите за да може во најкраток рок да се воспостави нормално дистрибуирање на вода до корисниците. Поради ова моравме многу често да ги чистиме резервоарите,да ја испираме линијата и да правиме хиперхлорирање. Во 2023 година корисниците на вода од овие водоводи имаа доволна количина на вода за задоволување на потребите,освен во летниот период кога водата енормно се троши за наводнување и корисниците на вода на повисоките делови од овие маали имаа недостиг на вода.

Во 2023 година преку овој водовод се фактурирани 12 780м $^{3}$ вода.

**Водовод „Луке“** - на новоизградениот водоводбеа приклучени сите корисниците кои доставија барање за користење на вода за пиење од овој водовод, а за истите постојат хидротехнички услови. Инсталиравме и водомери за да може да се врши мерење на потрошената количина на вода.

Во 2023 година преку овој водовод се фактурирани 386 м $^{3}$ водашто значи со остварените средства не се покриени ни анализите за испитување на водата и средствата за хлорирање.

Кон крајот на 2023 година започнато е со имплементација на проектот за намалување на загуби на вода со инсталација на систем за мониторинг и мерни инструменти за далечинско отчитување за потребите на Општина Крива Паланка,а учеството на ЈП „Комуналец“ се состои од демонтажа на постоечките елементи во шахтите и монтажа на новите мерни инструменти и делови како и изведување на градежните работи потребни за изработка или доработка на шахти за поставување на мерачите. Целта на овој проект е да се постават мерачи на проток и притисок на веќе определени локации.Ова комбинирано со поставените водомери за далечинско отчитување, ќе доведе до целосна слика односно целосен мониторинг на потрошувачката и консумпцијата на вода во системот и ќе се добијат насоки за тоа кои делови од мрежата треба да се реконструираат во иднина, во кој дел треба да се изврши регулација на притисок, мониторинг на дефекти итн.

Според горенаведените податоци во 2023 година од сите осумводоводи и Бунарскиот систем„Св.Никола“ до граѓаните се дистрибуирани 622689 м³ водаод кои 87845 м³ вода до правни субјекти и 534 844 м³ додомаќинства. Исто така161100м³ воданаменски е потрошена и тоа за јавни чешми и фонтани,перење на водоводни објекти и улици, сопствени потреби (Пазар,гробишта и други објекти) , одржување на зеленило , водоснабдување на ул.„Единство“.

Количината на дистрибуирана вода до корисниците е незначително помала во однос на претходната година.

Одржувањето на водоводната мрежа на сите водоводи се вршеше редовнои навремено, а во саботите, неделите и државните празници имаме дежурни вработени во секторот,како и 24 часовно дежурство на Градските резервоари.

Во изминатиот период се извршени следните работи:

- Интервенции на дефекти на водоводна мрежа бр.534
- Приклучување на градска водоводна мрежа бр.14
- Приклучување на водовод Трнци бр.2
- Приклучување на водовод Узем-Жидилово бр./

- Приклучување на водовод Видња-Змаевац бр./
- Приклучување на водовод Деловодци-Чивлк бр./
- Приклучување на водовод Скрљава бр./
- Приклучување на водовод Деве Баир бр.1
- Приклучување на водовод Луке бр.2
- Оддвојување на водомери бр.11

За следење на квалитетот и здравствената исправност на водатаза пиење според позитивните законски прописи, редовно се земаат мостри од сите водоводи со кои стопанисува ЈП„Комуналец"-Крива Паланка.

1. Градски водовод „Калин Камен"
2. Водовод „Скрљава"
3. Водовод„Трнци"
4. Водовод„Узем-Жидилово"
5. ВодоводГраничен премин„Деве Баир"
6. Водовод ,, Видња-Змаевац,,
7. Водовод „Деловодци-Чивлк"
8. Водовод „Луке " во с.Луке
9. Бунарски систем„Св.Никола"во Крива Паланка

Мостри за анализа на вода од горенаведените водоводи се земаат од страна на Фуд-лаб – Скопје(акредитирана лабораторија која има склучено договор по тендер за јавна набавка) и вршат контрола преку основна анализа која опфаќа мала физичко – хемиска анализа и микробиолошка. Исто така, мостри се доставуваат и во Институтот за јавно здравје на РСМ во Скопје, анализана водата вршат преку периодична анализа, која опфаќа голема физичко – хемиска анализа, бактериолошка, паразитолошка, радиоактивност и присуство на пестициди.

Обемот и видот на испитувањето на водата за пиење е утврден според посебна програма, која секоја година ја изготвува ЈП „Комуналец"- Крива Паланкаво согласност со Правилникот за безбедност на водата за пиење („Сл.весник"на РСМ,бр.183 од 2018 год.)

Земање на мостри за анализа на водата за пиење е одредена согласно Прилог 2, Табела 1 и 2 од Правилникот а сподред добиените податоци за дистрибуираната количина на вода изразена во м³/ден за горенаведените водоводи со кои стопанисува ЈП„Комуналец"- Кр.Паланка треба да се извршат задолжителни анализи само за Градски водовод „Калин Камен" за 2023 година, меѓутоа ЈП„Комуналец"- Кр.Паланка направипо неколку анализи за секој водовод поединечно и тоа:

| | |
|---|---|
| 1. Градскиот водовод | 26 физ.хемиски и 26 бактериолошки |
| 2. Скрљава | 6 физ.хемиски и 6 бактериолошки |
| 3. Трнци | 6 физ.хемиски и 6 бактериолошки |

4. Узем-Жидилово 4 физ.хемиски и 4 бактериолошки
5. Гр. Премин Деве Баир 4 физ.хемиски и 4 бактериолошки
6. Видња-Змаевац 6 физ.хемиски и 6 бактериолошки
7. Деловодци- Чивлк 6 физ.хемиски и 6 бактериолошки
8. Луке 2 физ.хемиски и 2 бактериолошка
9. бунарскиот систем „Св.Никола“ 1 физ.хемиски и 1 бактериолошка

Од ова може да се заклучи дека квалитетот на водата за пиење се следи континуирано во сите водоводи со кои стопанисува ЈП„Комуналец“-Крива Паланка. Исто така се земаат мостри за анализа на водата и од бунарскиот систем „Св.Никола“ по потреб,во зависност од тоа дали ги користиме пумпите.

Резултатите од извршените анализи на мострите се доставуваат до ЈП„Комуналец“-Крива Паланка.

ЈП„Комуналец“-Крива Паланка доставува секој месец резултати од анализа на мостраод сирова вода до Државниот инспекторат за животна средина за да го следат квалитетот на зафатената вода.

Дезинфекцијата на водата за пиење се врши со хлорирање кое е во согласност со важечките законски прописи. Хлорирањето е континуирано. На градскиот водовод хлорирањето се врши автоматскисо гасен хлоринатор во шахта која се наоѓа пред градските резервоари,а хлорирањето на останатите водоводи се врши со течен хлор ( натриум хипохлорит ) со систем капка по капка со капавци кои се поставени во сувите комори во резервоарите за вода. Во Трнци хлорирањето е со дозер пумпа која е поставена на постојниот цевковод и работи во моментот кога работи пумпата.

Секогаш се води сметка хлорирањето да биде редовно на минималната граница освен во случај на дефекти на водоводната линија кога се прави хиперхлорирање.

Во текот на 2023 година континуирано работеше бунарот во с.Конопница за водоснабдување на водовод Трнци , а бунарите од бунарскиот систем „Св.Никола“ не беа вклучени, бидејќи немаше потреба од дополнителна количина на вода за задоволување на потребите на корисниците.

Одржувањето на канализационата мрежа во 2023 година исто така беше редовно и секојдневно како и за водоводната мрежа. Се одржуваше уличната канализациона мрежа, левиот и десниот колектор. Извршен е одвод од 510605 $m^3$ фекални води.

Во текот на 2023 год. на канализациона мрежа имаше193интервенции од кои45 интервенции беа на главните колектори, а 148 интервенции на канализационата мрежа со мал профил и со помало времетраење на отчепување. Сите интервенции беа завршени во најкраток можен рок.

Како и секоја година очистени се испустите на канализационата мрежа затоа што целата отпадна вода за жал истекува во Крива Река и при истекот доаѓа до наталожување односно затварање на цевката.Имаше одредени потешкотии во одржувањето на канализационата мрежа затоа што и понатаму во истата се фрлаат разни предмети на кои што не им е местото во канализационата мрежа. Редовно се чистат главните шахти на колекторите и тоа од муљ и песок, а тоа е последица, бидејќи во самата канализациона мрежа се вклучени атмосферските води од

дворните места и олуците, а тие носат песок и муљ. Во текот на цела година редовно се контролираа и чистеа шахтите кај колективните стамбени објекти.

Се правеа приклучувања на канализациона мрежа по барање на корисници на веќе изградените канализациони мрежи со кои стопанисува ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка, по поднесено Барање за изработка на нов приклучок.

Според планот за дератизација со кој е опфатен левиот и десниот колектор и сите приклучни канализациони мрежи и оваа година се изврши дератизација од страна на стручни лица од фирмата „Зотокс“ од Скопје и вработени во ЈП„Комуналец“-Кр.Паланка и тоа во 130 канализациони шахти со што е покриена целата градска канализациона мрежа, дел од канализациони шахти во село Конопница и село Мождивњак. Дератизацијата се изврши со поставување на соодветни парафински блокови.

Во 2023 година ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка го одржуваше системот за јавно осветлување во Општина Крива Паланка ,како и новогодишното украсување на градот.

По Програмата за јавна чистота за 2023 година

Годишната програма за одржување на јавна чистота за 2023 г. согласно чл.7 став 1 од законот за јавна чистота Сл.весник на Р.Македонија бр.111 од 3 септември 2008 г.ке ја врши јавното претпријатие за комунални услуги ЈП Комуналец Кр.Паланка
ЈП.Комуналец-Кр.Паланка има од Министерсво за транспрт и врски Дозвола за одржување на Јана чистота со бр.007/ЈЧ од 21 .04.2016г за извршување на работите за јавна чистота во градот Кр.Паланка

Со спроведувањето на годишната програма за јавна чистота се има за цел на граганите на Општината Кр.Паланка да се подобри јавната чистота во градот и обезбеди здрава,чиста и естетски подобра животна и работна средина.Надзор над спроведвањето на Програмата за јавна чистота за 2023 г. ја врши Оделенито за Инспекциски надзор,односно комунален инспектор.За одржување на јавната чистота се плака надоместок од страна на физичките и правни лица.Висината на надоместокот е утврдена од страна на Советот на Општината.Наплатата на надоместокот за одржување на јавна чистота се врши преку доставување на сметка за комунални услуги изготвена од ЈП Комуналец.Надоместокот за јавна чистота се прикажува одвоено на сметката.Сретствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на Општината,иститe се наменски и се користат за финансирање на одржување на јавната чистота.

Годишната Програма за јавна чистота за 2023 г. опфака неколку нивоа на работи и тоа:
-Метење на јавни површини
-Миење на јавни површини
-Зимско одржување на јавни површини
-Одржување на постоечки атмосферски канализации
-Чистење и одржување на речни регулациони корита и долови
-Чистење на наноси на јавни површини,улици и локални патишта
-Уредување и одржување на јавни санитарни јазли
-Поставување и одржување на соодветви садови за отпад на јавни површини
-Чистење и остранување на шут и комунален смет од диви депонии

За да ја спроведе Програмата за јавна чистота на градот Кр.Паланка,ЈП Комуналец ги ангажира сите свои расположиви материјални и човечки сретства за спроведување и реализација на програмата за јавна чистота на

гр.Кр.Паланка.Метењето на јавни површини се извршуваше машински со самоходна метларка„ Брако„ трактор со приклучна опрема и електрични правосмукалки и работници одржувачи на јавни површини распоредени по реони во градот Кр.Паланка.

Позицијата од Програмата метење на јавни површини е поделна на Четири зони

-Метење на јавни површини секој реботен ден(прва зона)

-Метење на јавни површини два пати во месецот (втора зона)

-Метење на јавни површини два пати во месецот (трета зона)

-Метење на јавни површини еднаш во месецот (Четврта зона)

Позицијата метење на јавни повшини од прва зона опфака метење на гл.улица „Св.Ј.Осоговски„ со тротоарите на потегот од „Осички мост„ до Касарна,метење на плоштадот кај општина ,стар плоштад ,метење на паркиралишта на гл.улица и мостовите на главна улица. ЈП Комуналец во 2023г. гл.ул.„Св.Ј.Осоговски„ со тротоарите од „Осички мост„ до Касарна,паркиралиштата,мостовите,гратски плоштад ги метеше и одржуваше редовно секој ден. дополнително во интерес на повисоко ниво на јавната чистота во градот за викендите сабота и недела имаше дежурни по два метачи и самоходната метларка„Брако„ како и за време на сите државни и верски празници во годината дежурни метачи и самоходна метларка „Брако„ со тоа имаше во доволен број метачи и услугата метењто на јавни површини во прва зона е извршена 100%.Улиците од втора зона каде е предвидно да се метат два пати во месецот се извшуваше на ул.Св.Ј.Осоговски крак-2 на потегот од Соларски мост до фурна „Вардар„и на следните улици: „Борис Кидрич„ „Прохор Пчински„ „Никола Тесла„„Партизанска„ „М.Пијаде„ „8 Октомври„ „Осоговска„ „Наско Тамбурков„ и услугата е извршена 69%. Улиците од трета зона каде е предвидено да се метат два пати во месецот „Македонска„ „Димитар Арсов„ „Ратко Минев„ „Х.Карпош„ „Јане Сандански„ „Г.Делчев„ „17 Мак.бригада„ ,Димитар Влахов„ Чупино Брдо „ „8 Септември „3 Мак.Бригада„ „Н.Тамбурков„ „11 Октомври„ и „Обиколница„на гр.Кр.Паланка„Коце Металец„Климент Охридски „ ,Пиринска„ Вера Јоциќ„ „„ и услугата е извршена 53%. Метењето на четврта зона опфаќа, метење на локален пат кон с. Конопница и крак кон Црква .локален пат кон с. Варовиште од мотел Македонија до Манастир ( стар и нов дел) и асфалтни површина во рамки на спортски комплекс метењето се извршуваше машински со трактотрка метларка, самоходма метларка ,Брако , на локалниот пат кон с. Конопница до Домот и кракот кон Црква и Асфалтните површини во рамки на спортски конплекс и локалниот пат од мотел Македонија до манастир стар и нов дел, додатно се ангажираа и општински работници и затвореници од КПД и е извршено 50% од програмата за јавна чистота на градот Кр.Паланка

Позицијата од Програмата за јавна чистота,миење на јавни површини исто така е поделена на две зони и тоа: јавни површини кои се мијат два пати во месецот(прва зона)и јавни површини кои се мијат еднаш во месецот(втора зона).Миењето на јавни повшини во прва зона ја опфаќа: гл.ул.„Св.Ј.Осоговски„со тротоарите од „Осички мост„до Касарна,паркиралишта на гл.улица,мостовите,градски плоштад,градски парк и гратски Пазар и се спроведуваше со користење на постојната хидрантска мрежа и се извши 59% бидеиќи во летниот период имаше недостаток на питка вода и приоритет е водоснабдување на граѓаните на градот Кр.Паланка и не можеше во целост да се изврши предвидената активност но интервентно се переа само градските плоштади и градскиот парк .Миењето на јавните површини во втора зона се извши на улиците:ул.„Партизанска„ , ул.„Моша Пијаде„ , ул.„8 септември„ ,ул.„Димитар Арсов„ ,ул.„Ратко Минев„ ,ул.„Х.Карпош„ ,ул.„Јане Сандандки„ ,ул.„17 Мак. Брагада„ , ,3 Мак. Бригада„ ,ул.„Наско Тамбурков„ и ул.„Гоце Делчев„ со возило цистерна од 7.0м3 и се изврши 56% . Во текот на работењето имаше недостаток на вода за пиење и дефекти на самото возилото и хидропумпата кое се стари повеќе од 24г и е потребно да се набави друга цистерна за таа немена .

Третата активност од Програмата за јавна чистота:Зимско одржување на јавни и отворени површини се спроведуваше на приоритетните површини на гл.ул.„Св.Ј.Осоговски„ воглавно на тротоарите од „Осички мост„до„Техички сервис „гратски плоштад, нов градки плоштад, градски парк„влез во градски Пазар и градски Пазар ,тротоари на мостови,скали од ул„Св.Ј Осоговски„ кон н.Бегови Бачи,патека и скали кон Виолетов мост и паркиралишта кај Општина ,дом на култура ,спроти Балкан ,меѓу Партизан и Општина ,стар зелен пазар и пред пензионерски дом. Во 2023г што измина немаше поголеми снежни наноси во градот Кр.Паланка , снежите падавини беа од помал инензитет и целосно и на време беа очистени отворените површини од наноси на снег .Во Чистењето на снежни наноси на јани отворени површини беа ангажирани работници на ЈП Комуналец и комунални работници од Општина и работата е извешена 100%

Чистење и одржувањето на регулациони корита и долови

Чистењето на наноси нарегулации на водотеци и долови се извршување со градежна механизација Скип ,а одвозот на материјал се вршеше со камон и трактор .Очистени се доловите во Единство ,Домачки дол, Куков дол , Трештен дол, Скрљавски дол , Нанолија и Белевски дол и од предвидените работи извршени се 92%

Чистењето на наноси од јавни површини по праграмата за јавна чистота за 2023 г. ЈП Комуналец во целост ја спроведе чистењето на наноси на јавни површини во пролтниот и есенскиот дел од годината кога има локални поројни дождови Чистењето на носи на локалната патна мрежа најповеќе имаше во ул Осоговска , ул Херој Карпош од Банто до Опатија и ул.Пиринска и на други јавни површини ,беше целосно собран утоварен и депортиран со возило материјалот на соодветна локација извршено е 100%

Одржување на постоечки атмосферски канализации.ЈП Комуналец во целост го изврши чистењето на постоечките атмосферки решетки шахти , отворени атмосферски канали и пропусти ,се чистеше ,собираше и транспортираше материјалот на соодветна локација извршено е 100% од предвидените работи

Уредување и одржување на јавни санитарни јазли како активност од Програмата за јавна чистота за 2023 г. е извршена во 100%

Поставување и одржување на соодветни садови за отпадоци на јавни површини ЈП Комуналец изврши поправка на 19 контејнери и 65 замена на стари со нови тркалца за контејнери ,набави и постави нови 76 буриња со запремнина од 200 литри во гр Кр.Паланка и поправи 8 мали сада за отпад кои се поставени на кандилабри на гл.улица„Св. Ј Осоговски„во Кр.Паланка..предвидените активности се извршени 100%

Чистење и одстранување на шут и комунален смет од диви депонии .ЈПкомуналец Кр.Палнка на остранувањето и чистењето на шут и комунален отпат од т.н.диви депонииво градот кр.Паланка беше во изминатата 2023г секојдневно ангажирано комунално возило и по потреба механизација Скип и товарен камион за остранување на комунален смет, шут и кабаст отпад депониран покрај контејнери особено на магистрален пат кај Бегови бачи, Болничка ливада,Дабо-Осичка мала,Кадиска чешма ,Тораничка зграда,Лозаново ,с.Конопница и Трештен дол и целокупниот смет беше наврене остране,транспортиран и депониран во градската депонија во с.Конопница ЂКр.Паланка ,работата е извршена100%

ЈП Комуналец од Кр.Паланка во 2023 г. до правните и физичките лица има фактурирано сметки за надоместок за јавна чистота во износ од 2 948 950.00 ден.,од кои 2 413100.00.00 ден..,се фактурираниниа за физички лица,а 535 850.00 ден.,на правни лица.Од фактурираните средства од комунален надоместок за јавна чистота вкупно се наплатени 2 369 978.00 ден,од кои 395059.00 ден,се од правни лица,додека 1 974 919.00 ден.,се од физички лица Ј.П.Комуналец Кр.Паланка има извршено работи од Програмата за јавна чистота за 2023г со вкупна вредност од 4 291 116.00 ден. ,ако се знае дека планираните расходи за јавна чистота согласно Програмата за јавна чистота за 2023 г. изнесува 5 316 000,00ден,а реализирани извршени работи од 4 291 116.00 што изнесува 81% извршени работи од одржување за јавна чистота во градот Кр.Паланка.

Извршени работи по програмата за јавна чистота 2023 г по позиции.

Рекапитулар

| Бр | Програмски Работи | Планиран износ во денари | Извршени рботи во денари | Процент |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Метење на јавни поврршини | 2 608 690.00 | 2 337 985.00 | 88 |
| 2 | Миење(рачно перење и прскање) на јавни површини | 1 979 561.00 | 1 155 117.00 | 58 |
| 3 | Зимско одржување на јавни површини | 158 340.00 | 80 000.00 | 50 |
| 4 | Чистење и одржување на речни регулациони корита и долови | 90 000.00 | 53 949.00 | 59 |
| 5 | Чистење на наноси на јавни површини | 60 00.00 | 60 000.00 | 100 |
| 6 | Одржување на постоечки атмосферски канализации | 60 000.00 | 60 000.00 | 100 |
| 7 | Доуредување и одржување на Јавни санитарни јазли | 180 000.00 | 180 000.00 | 100 |
| 8 | Поставување и одржување на садови за отпад на јавни површини | 60000.00 | 60 000.00 | 100 |
| 9 | Чистење и отсранување на шуд и комунален отпад од диви депонии | 120 000.00 | 120 000.00 | 100 |
| | Вкупно | 5 316 000.00 | 4 291 116.00 | 81% |

За покачување на обемот и ниво на квалитетот на услугите од Програмата за јавна чистота потребно е набавка на нови машини и опрема на ЈП Комуналец Кр.Паланка кои се потребни за да се спроведе Програмта за јавна чистота на Општината Кр.Паланка

Оваа Програма се заснова врз основа на член 5 и чл.7 став 1 од Закон за комунални дејности (сл.весник на РМ бр. 95/12) и Измени и дополнувања на законот за комунални дејности(Сл. Весници на РМ бр.163/13 , 44/15 и 147/15) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина бр. 8/2010) , донесена на Совет на Општина Крива Паланка, а ќе ја врши Јавното комунално претпријатие,, Комуналец ,,- основано од Општина Крива Паланка.

Програмата се изготвува со цел да се врши квалитетно и стручно одржување на градското зеленило, парковите , делови од речното корито, садниците , цветните површини и др.

Надзор на извршување на Програмата за 2023 год. врши Одделението за инспекциски надзор односно комуналниот инспектор.

Надоместокот и висината на финансиските средства за квалитетно и квантитетно извршување на оваа програма е утврдена од страна на Советот на Општината.

Наплата на извршените работи по програмата се врши по доставување на извештај, испратница и фактура изготвени од страна на ЈП,, Комуналец,,

Годишната програма за подигање и одржување на градското зеленило во Крива Паланка за 2023 год.ги опфаќаше следните работни операции:

I - Одржување на постоечки зелени површини,
II - Собирање на смет по зелени површини
III - Зелени површини за косење,
IV - Подигање на нови зелени површини
V-Чистење и допорамнување на речн корито на Крива река од несоодветна вегетација
VI- Чистење на несоодветна вегетација
VII- Сечење икроење на дрвја надвиснати на јавни површини или истите претставуваат опасност по имотот и животот на граѓаните
VIII - Подигање на дрвореди
IX - Набавка и производство на цвеќе
X - Набавка на дрвја и грмушки
XI - Одржување( обновување) на декоративни цветни форми
XII -Набавка на алат и опрема за работа

Овие операции се прикажани во натамошниот текст одделно ,а на крајот е прикажан и рекапитулар за финансискиот дел:

Одржување на постоечки зелени површини

- Зелена површина Борчева Кафана
- Зелена површина раскрсница на влез и излез на градот
- Зелена површина пред Касарна
- Зелена површина Стар Пролетер
- Зелена површина околу Градски Музеј
- Зелена површина Градски Парк
- Зелена површина покрај Ролерска- пешачка патека
- Зелена површина Пазарска Патека
- Зелена површина од Лилав Мост до Сточен пазар
- Зелена површина Стара Кожара
- Зелена површина покрај Големиот мост
- Зелена површина Парк Херој Карпош
- Зелена површина ул.Ратко Минев
- Зелена површина позади згради ул.Херој Карпош
- Зелена површина ул.8 ми Октомври
- Зелена површина пред Автобуска станица
- Зелена површина Кадиска чешма
- Зелена површина ул.Партизанска
- Зелена површина Осичка Мала(гаражи)
- Зелена површина на Главна улица Св.Јоаким Осоговски
- Пешачка патека Стара Вада
- Зелена површина Бабин дол
- Зелена површина речно корито на Крива река (под Далфис, од тениско игралиште кон Осички мост)

На овие зелени површини континуирано се вршеше машинско косење, собирање и утовар на трева, поливање со систем и рачно, собирање на смет , собирање на лист

во есенските месеци, плевење и окопување, кроење на дрва, трендафили и грмушки, садење трендафили и грмушки, метење трим патеки, чистење фонтани, стругање патеки, чистење патеки од снег ,садење садници,фито заштита .

II. Собирање смет по зелени површини

На неколку локации ( речно корито на Крива река, Просторот позади зградите на ул.Св.Јоаким Осоговски, Простор позади сама зграда на ул.Херој Карпош и покрај канал, Корито на Домачки дол, Простор околу Спортски терени) се извршуваше операцијата собирање на смет

III. Зелени површини за косење

Во текот на 2023 год. во зависност од потребата 3-5 пати беше извршена само операцијата косење на зелените површините и тоа: по главна улица и голем број споредни улици ,просторот позади самата зграда на ул.Херој Карпош и покрај каналот, просторот кај згради на ул.8 ми Септември , Паркот кај Метролошка станица,речните корита на Крива и Дурачка река, просторот околу спортските терени, Домачки Дол, скали Пролетер ,ул.Осички мост – Бабин дол, стар и нов пат Манастир Св.Јоаким Осоговски, с.Конопница ( од Борчева кафана – Трнци).

IV.Подигање на нови зелени површини

Согласно законот за зеленило законска должност на Општината е секоја година да изврши подигање на нови зелени површини од најмалку 10% од Генералниот урбанистички план. Во 2023год. беше подигната нова зелена површина ( рамнење на површината, захумусување и сеење на трева) во речно корито на Крива река од новиот мост кај спортска сала кон повеќенаменско игралиште.

V. Чистење и допорамнување на речно регулационо корито на Крива река

Оваа операција е извршена со помош на локални приватни компании во неколку наврати.

VI. Чистење на несоодветна вегетација покрај главна улица

Во 2023 год. извршено е чистење на несоодветна вегетација покрај главна улица (од ограда кај касарна,треска, карпош, Кам) , кај пензионерски дом, околи спортски терен..

VII. Сечење и кроење на дрвја надвиснати над јавни површини или истите представуваат опасност по имотот и животот на граѓаните

По решенија доставени од комуналниот инспектор извршено е сечење на 20 броја дрвја од јавни површини и кроење на гранки надвиснати над јавни површини на повеќе локации низ Општината ( с. Конопница , покрај пат кон Калин камен и др).

VIII. Подигање на дрвореди

Во 2023 год.од страна на Секторот Паркови и зеленило е извршено садење на дрворед(јапонска цреша) на локација од Осички мост до Бабин дол(89 броја) ,покрај главна улица од касарна до Стар Пролетер- каталпа (20броја), во речно корито на Крива река од спортска сала до Далфис (300 броја)-јавор и 120 броја обновени по поплавите од двете страни по течението на Крива река, околу амфитеатар (80 броја) и на зелена површина кај Борчева кафана (50 броја). Дел од овие дрвца се донација од приватни компании.На неколку локации( покрај Скрљавски дол, околу детски игралишта, покрај пазарска патека и др.) засадени се дрвца донација од акцијата Генералка викенд околу 150 броја.

IX. Набавка и садење на цвеќе

Секторот Паркови и Зеленило во текот на 2023 год. има набавено саден цветен матријал во саксии со различна големина засадени по жардињери и цветни форми на повеќе локации и на металните конструкции на градски плоштад и Градечки мост .

X.Набавка на дрвја и грмушки

Извршено е дополнување и замена на исушени или оштетени дрвца, грмушки, перени и декоративна трева во Градскиот парк, Раскрсница на влез и излез на градот.

XI.Одржување(обновување) на декоративни цветни форми

Во 2023 год. извршено е обновување на декоративните цветни форми со мермер и мулч на површините во Градскиот парк и околу дрворедот по Главна улица.

XII. Набавка на алат и опрема за работа

Набавени се дватримери за косење, поставен е систем за наводнување со прскалки на површините кај Борчева кафана, косина покрај Големиот мост и косина кај Стара Кожара и набавени се две бензински пумпи за наводнување на речното корито на Крива река.

XIII.Прихрана со ѓубрива

Во текот на 2023 год. извршено е прихрана на зелените површини- косини, Градски парк, речни корита, игралиште и др. со ѓубрива ( органско и вештачко).

XIV.Обновување на зелени површини со трева

Извршено е обновување ( пресејување со семе трева) на 60 % од површината кај Бабин дол и голем дел од површината од Шанин мост кон Бегови бавчи.

ЈП "Комуналец"- Крива Паланка има извршено работи од Програмата за подигање и одржување на урбаното зеленило во Крива Паланка за 2023 год. со вкупна вредност од 5 347 518денари без ДДВ додека расходите за подигање и одржување на градското зеленило согласно Програмата за подигање и одржување на урбаното зеленило за 2023 год. изнесуваа 6 077 930 ден со ДДВ или 5 774 033 ден без ДДВ,

Извршени работи по програмата за подигање и одржување на градското зеленило во Крива Паланка

од 5 347 518денари без ДДВ додека расходите за подигање и одржување на градското зеленило согласно Програмата за подигање и одржување на урбаното зеленило за 2023 год. изнесуваа 6 077 930 ден со ДДВ или 5 774 033 ден без ДДВ,

Извршени работи по програмата за подигање и одржување на градското зеленило во Крива Паланка

РЕКАПИТУЛАР:

| Р.бр | Раб.операции | Планиран износ по програма донесена на совет без ДДВ | Извршени работи/ден без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1. | Одржување на постоечки зелени површини | 2 545 259 | 2 527 135 |
| 2. | Собирање смет по з.п. | 83 503 | 83 503 |
| 3. | Зелени површини за косење | 755 643 | 755 643 |
| 4. | Подигањена нова зелена површина | 683 401 | 436 431 |
| 5. | Чистење и допорамнување на речно корито од несоодветна вегетација | 140 171 | / |
| 6. | Чистење на несоодветна вегетација | 39 501 | 39 501 |
| 7. | Сечење и кроење на дрвја надвиснати над јавни површини | 147 250 | 147 250 |
| 8. | Подигање на дрвореди | 475 000 | 475 000 |
| 9. | Набавка и производство на цвеќе | 427 500 | 427 500 |
| 10. | Набавка на дрвја и грмушки | 54 055 | 54 055 |
| 11. | Одржување на декоративни цветни форми | 57 000 | 56 000 |
| 12. | Набавка на алат и опрема за работа | 280 250 | 260 000 |
| 13. | Прихрана со ѓубрива | 28 500 | 28 500 |
| 14. | Обновување на зелена површина со трева | 57 000 | 57 000 |
| | Вкупно: | 5 774 033 | 5 347 518 |

За 2023 год. вкупно се реализирани 93 % од предвидените средства донесени со усвојување на биџетот на Општина Крива Паланка за програмата за подигање и одржување на урбано зеленило.

ЈП Комуналец –Крива Паланка
в.д. Директор,
Далибор Стојановиќ